

# ИО ЕКВИНОКС СКАУТ

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ИО. ЕКВИНОКС СКАУТ ЗА 2024 ГОДИНА

Почитувани,
Овој извештај ги содржи сите активности и настани организирани од страна на И.О. Еквинокс Скаут во период од 1.1 - 31.12. 2024 година.

## Мисија

Мисијата на одредот е да придонесе во образованието на младите луѓе низ систем на вредности засновани врз Извидничкиот Завет и Закони, да помогне во изградба на подобар свет каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството.

## Цел

Целта на одредот е да придонесува во развоот на младите луѓе, во достигнувањето на нивните потполни физички, интелектуални, општествени и духовни можности како поединци, како одговорни граѓани и како членови на нивните локални и национални заедници, како и меѓународната заедница.

- Број на членови по категории:

| | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Развигорци | 18 | 8 | 26 |
| Извидници | 15 | 7 | 22 |
| Истражувачи | 9 | 4 | 13 |
| Ровери | 14 | 11 | 25 |
| Сениори | 9 | 5 | 14 |
| Вкупно: | | | 100 |

- Број на обучен кадар:

| | Број |
|---|---|
| Водачи | 11 |
| Инструктори: Прв Степен | 2 |
| Тренери | 5 |

- Настани на кои ИО Еквинокс присуствувал

| | Број |
|---|---|
| Организирани од СИМ | 12 |
| Интернационални | 6 |
| Организирани од одред | 15 |
| Организирани од други организации | 24 |
| Вкупно: | 57 |

- Реконструкцијата на патеката Штип, КуртБунар, КлисеБаир, Штип - 5.2.2024

Маркираната патека од Штип до Клисе Баир, преку Курт Бунар, која беше маркирана од страна на ИО. Еквинокс во 2020 година, оваа година доби реконструкција. Во рамките на обновата беа заменети оштетените делови на патеката, а исто така се обнови бојата, што овозможи подобра видливост и безбедност за љубителите на природата.



- Ноќен Хајк ,,Осветли ја планината” - 22.2.2024

Традиционално, и оваа година се одржа ноќниот хајк до тврдината Исар. Заедно со сите членови, родители, поддржувачи и пријатели, ја "осветливме планината" и се потрудивме да создадеме незаборавно искуство. Уживавме во магичниот ноќен панорамски поглед на градот под Исарот, кој беше осветлен од нашите светилки и заедничката енергија на сите учесници.



- Крводарителска акција -24.2.2024

Под мотото ,,Направи добро дело” за месец февруари се организираше хуманитарна крводарителска акција во ,,Дом на млади” во соработка со Црвен крст - Штип.



- Централна прослава на ден на извидници - 24.2.2024

Како и секоја година, така и оваа традиционално се одржа централната прослава за денот на извидниците. Оваа година, ИО Еквинокс ја имаше честа да ја организира прославата во Штип, каде присуствуваа околу 250 извидници од цела Македонија. За време на настанот, извидниците имаа прилика да ги посетат најзначајните знаменитости во градот, создавајќи незаборавни спомени и зајакнувајќи ја извидничката солидарност.



- Изложба „Извидништвото некогаш и сега“ - 24.2.2024

За време на Централната прослава, љубителите на историјата и традицијата, извидниците и подржувачите имаа прилика да уживаат во изложбата за извидништвото во изминатите години.



- Акција за Меѓународен ден на жената, подарување на рачно изработени цветови 8.3.2024

Во пресрет на Меѓународниот ден на жената, извидниците од ИО Еквинокс со големо срце и посветеност рачно изработија цветови и ги подарија на штипјанки.



- Отворен ден - 10.3.2024

Отворениот ден се одржа во паркот во населбата ,,8-ми ноември", каде сите заинтересирани имаа можност да земат учество во некои од активностите и добијат контакт. Со цел регрутација на нови членови.




- 6 роденден на ИО. Еквинокс Скаут - 17.3.2024

Шестиот роденден на ИО Еквинокс го прославивеме со сите извидници, родители и потенцијални извидници во парк проследено со Скаутбол, активности, закуска и забава.



- Дневна работилница по повод одбележувањето на Светскот ден на водата во Струмица, во соработка со Europe House - 26.3.2024

Во соработка со Europe House, во Струмица организиравме активности за едукација за филтрирање на вода, забава и мала закуска за учениците од основните училишта.



- Обележување на денот на пролетта во соработка со МТБ Штип - 27.3.2024

Десетина волонтери од Ио Еквинокс учествуваа во организацијата на велосипедската трка која се одржа во античкиот град Баргала. Настанот беше организиран од страна на МТБ Штип и привлече многу љубители на велосипедизмот, а волонтерите активно придонесоа во текот на трката, помагајќи во различни аспекти на организацијата.



- Хајк до Благова Река - 6.4.2025

Краток одредски хајк до Благова река, со цел да го искористиме убавото време за дружба и забава.



- Агора во Шведска - 3.4.-7.4.2024

Двајца македонски претставници присуствуваа на овогодинешната агора во Шведска, од кои еден беше нашиот член Борјан Андов кој го опишува овој настан како незаборавно искуство.



- Посета на извидничката акција „Фениксија“, организирана од страна на И.О. Феникс - 17-19.5.2024

Осумнаесет членови присуствуваа на ,,Фениксија” од кои екипата ,,Ацетони” забележа освоено трето место.




- Посета на извидничката акција „Пролетни прегратки и бакнежи“, организирана од страна на П.С.И.О - 01.6.2024

Неколку екипи од извидници и развигорци  присуствуваа на ,,Пролетни прегратки и бакнежи” каде имаа прилика да се натпреваруваат во детските улични игри.



- Регуларно собрание на Сојуз на Извидници на Македонија - 02.6.2024

Четири делегати на ИО Еквинокс добија право на глас на првото овогодишно собрание на Сојуз на Извидници на Македонија .



- Активност за обука и соработка, борба против климатски промени и заштита на животната средина, поддржано од Националната Агенција за Европски образовни програми и мобилност

Оваа обука се одржа во Извидничкиот Центар Охрид каде учесниците имаа главна цел да ја подигнат свеста за заштита на охридското езеро. Освен Охрид го посетија и Подградец во Албанија.



- Одредско давање на завет - 18.6.2024

На оваа свечена церемонија, новите членови на ИО Еквинокс имаа чест да станат извидници преку своето прво давање на завет, додека постарите извидници го обновија својот завет. Церемонијата беше збогатена со присуството на родителите и подражувачите на одредот, со кои по формалниот дел се дружевме и разменувавме искуства.



- Летен камп 2024 - 1.7. - 7.7.2024

Традиционалниот летен камп во ИЦО- каде беа присутни сите генерации извидници. ИО Еквинокс го претставуваа триесетина учесници кои имаа незаборавно искуство, и десетина волонтери кои заедно со останатите се потрудија да им го пружат најдоброто од извидништвото.



- Камп со деца од Украина - 19.8 - 2.9.2024

ИЦО беше домаќин на кампот со деца од загрозените делови од Украина, каде имаа прилика да се запознаат со културата и традицијата на Охрид, Македонија и извидништвото. За да си поминат неверојатно во тие неколку денови беа одговорни и десетина наши волонтери и организатори на овој камп.



- Школа за водичи 25-31.8.2024

ИО Еквинокс доби двајца нови водачи, кои беа присутни на овогодинешната Школа за водачи во Охрид. Марија Стефановска и Александра Данева се задобија со нови лидерски способности, искуства  и знаења што ќе ги пренесат на новите генерации во својот одред. Неколку штипски волонтери ја подржаа оваа школа.



- Искачување на Геровата пештера во с. Зрновци - 28.9.2024

Одредски хајк и авантура за истражувачите и роверите за крајот на летото до Геровата пештера во с. Зрновци



- Хајк во околината на Џумаја заедно со прв скопски извиднички одред (П.С.И.О) - 12.10.2024

Освен добриот хајк, сите категории од извидниците на Еквинокс и П.С.И.О. имаа прилика да се запознаат, зближат и дружат во регијата околу планинарскиот дом ,,Џумаја”.



- Боренка во Црна Гора - 16-18.10.2024

Тројца претставници на Боренка од Македонија и Еквинокс ги посетија нашите пријатели во Црна Гора кои ја застапуваат истата иницијатива. Па освен што продожува соработката помеѓу СИМ и СИЦГ, нашите волонтери добија нови искуства за тоа како се рабооти Боренка во Црна Гора.



- Втор Форум за Одржливост (Грција) - 16-20.10.2024

Двајца македонски претставници меѓу кои беше и Драган Дончевски присуствуваа на форумот за одржливост во Грција. Учесниците имаа прилика да се запознаат со одржливоста во другите држави, и да посетат повеќе работилници за одржливост.



- Хајк до Струмина чешма заедно со студентите од УГД и членовите на СОМА, Штип - 3.11.2024

Заедничка дружба помеѓу извидниците и студентите во соработка со СОМА.



- Хајк до Струмина Чешма низ Липов Дол, Курт Бунар - 10.11.2024

Одредски хајк каде присуствуваа сите патроли и уживаа во есенските бои до Струмина Чешма.



- Тренинг за добро управување со животната средина - основно ниво 15 - 17.11.2024

Седумнаесет учесници учествуваа на обуката за добро управување во животната средина во Крушево меѓу кои беше и нашиот Бојан Андонов.



- Тренинг за управување со проекти - 6-9.12.2024

На овој тренинг за пишување и раководење проекти неколку наши извидници се збогатија со нови знаења за управувањето со проекти.



- Годишно собрание на Сојуз на Извидници на Македонија - 16.12.2024

Шест делегати од ИО Еквинокс присуствуваа на второто собрание на СИМ каде што главна цел беше одбирање на новото старешинство.



- Волонтерска забава  - 21.12.2024

Освен што се забавуваа волонтерите, главното признание за  ,,Извидник на годината” отиде во рацете на нашиот Драган Дончевски. Оваа награда е резулат на неговата несебична работа за одредот, а и за СИМ. Драган е инспирација  за тоа каков треба да биде еден извидник за сите извидници на ИО Еквинокс.

